ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА



П Р А В И Л Н И К

ЗА НАТПРЕВАРИ ВО ЛИГА

Октомври, 2012 г.

Врз основа на член 24 од Статутот Федерацијата на училишен спорт на Македонија,,Извршниот одбор на ФУСМ на седницата одржана на ден 10.10.2012 год, го донесе следниот:

ПРАВИЛНИК ЗА НАТПРЕВАРИ ВО ЛИГА

ФЕДЕРАЦИЈАТА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

1. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се регулираат правилата за организација, спроведување и раководење на сите натпреварувања во лига во Република Македонија, во сите категории и спортови, во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија (во натамошниот текст: ФУСМ).

Член 2

Овој Правилник (понатаму во текстот: Правилник) ги уредува следните прашања:
- општи одредби за натпреварување,
- систем и календар на натпреварување,
- организација на натпревар,
- учество на екипи во натпреварување,
- пласман на екипите
- обврска за организирање на натпревар,
- службени лица на натпревар,
- право на настап,
- прекршоци и казни и
- завршни одредби

Член 3

Сите натпревари се играат согласно одредбите од Службените правила за секој спорт издадени од Меѓународните федерации.

Член 4

Раководењето со сите натпревари во рамките на лигаите е во надлежност на Извршниот одбор на ФУСМ.
За непосредно водење со натпреварувањата Извршниот одбор на ФУСМ именува Комисија за натпреварување која раководи со сите натпреварувања во лигите.
Комисијата за натпреварување е од седум (7) члена.

Член 5

За секоја натпреварувачка сезона Комисијата за натпреварување изготвува Пропозиции за натпреварување врз основа на одредбите на овој Правилник, за секој спорт посебно, со кои се уредуваат правата, обврските и одговорностите на учесниците на натпреварите, правата и должностите на службените лица, техничките нормативи, лиценци, жалби, прекршоци и казни.
Пропозициите за натпреварување мора да бидат во согласност со одредбите од овој Правилник
Натпреварувачката комисија донесува Деловник за работа на Комисијата за натпреварување.
Пропозициите за натпреварување и Деловникот за работа на Комисијата за натпреварување ги усвојува Извршниот одбор на ФУСМ.

2. СИСТЕМ И КАЛЕНДАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Член 6

Системот за натпревари, начинот на пополнување на лигите и бројот на екипи учеснички, го утврдува Извршниот одбор на ФУСМ, на предлог на Комисијата за натпревари.

Член 7

Натпреварите во лига се играат по двокружен бод систем. При двокружен бод систем се игра, да секоја екипа еднаш е домаќин на свој терен и еднаш е гостин на теренот на противникот.
Теренот за одигрување на натпревар како домакин може да биде и во градот од кој е противникот, но не смее да се игра во истата сала каде настапува противничката екипа како домакин.
Ако натпреварот се игра на терен кој на гостинската екипи и е подалеку од теренот во седиштето на екипата домакин, домашната екипа е должна да и надомести разлика во патните трошоци на гостинската екипа, која ја утврдува Комисијата за натпревари, по добивање на документација за начин на патување на гостинската екипа.

Член 8

Распоредот на натпреварите се составува врз основа на т.н. шема на Бергер.
Натпреврувачките броеви на екипите се добиваат со ждреб пред почеток на натпреварите.

Член 9

Календарот за натпревари за секоја натпреварувачка сезона го донесува Извршниот одбор на ФУСМ, на предлог на Комисијата за натпреварување.
Одлуки за измени на календарот донесува Извршниот одбор на ФУСМ.

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ

Член 10

Натпреварите во сите лиги го спроведува Комисија за натпревари, како надлежен орган за натпревари назначен од страна на Извршниот одбор на ФУСМ.

Член 11

Комисијата за натпревари ги регистрира сите натпревари во лигите, освен оние за кои е вложена жалба.
Натпреварите на кои е вложена жалба, ќе бидат регистрирани по донесување на одлука по жалбата.

Член 12

Жалба на натпревар се најавува со потпис на капитенот на екипата во предвидениот простор на службениот записник од натпреварот, освен за неправилен и нерегуларен настап на играч на натпреварот.
Жалба за натпревар се доставува до Комисијата за натпревари.
Подносителот мора да уплати пропишана такса во висина 2.000,00 денари, најкасно 48 часа по завршување на натпреварот.

Член 13

На одлука на Комисијата за натпревари, дозволена е жалба до Извршниот

одбор на ФУСМ, која се поднесува најдоцна до 72 час по приемот на одлуката.
Подносителот на жалба е должен на жиро сметка на ФУСМ да уплати такса, чиј износ е 2.000,00 денари.
Извршниот одбор донесува одлука по жалба во рок од 48 часа.
Одлуката на Извршниот одбор е конечна, без право на понатамошни жалби.

Член 14

Постапувајки по жалбата Комисијата за натпревари може истата да ја усвои или да ја одбие.
Кога жалбата се одбие, натпреварот се регистрира со постигнатиот резултат.
Кога жалбата се усвои, натпреварот се поништува и се одредува термин за одигрување на нов натпревар.
Не може да се одбие регистрација на натпревар на која нема поднесено жалба.

Член 15

Еднаш регистриран натпревар или донесена одлука во врска со натпревар не може да биде поништена од страна на истиот орган кој ја донел.

Член 16

Со Пропозициите за натпревари подетално е одредена постапката за вложување на жалби, како и утврдувањето на роковите предвидени во случај на жалба.
Со Пропозициите за натпревари подетално се утврдуваат и должностите на организаторот на натпревар, кои не може да бидат во спротивност со одредбите на овој Правилник.

Член 17

Натпревар кој не е одигран во закажаното време поради една одоправданите причини: исклучување на електрична енергија, исклучувањеили застој во јавниот сообраќај, временска непогода или виша сила, ќебиде одигран во рок од 24 часа доколку Делегатот утврди дека тоа еможно.
Под поимот Ѝвиша силаЎ се подразбира секој настан кој не можел да бидепредвиден и кој настанал вон вообичаениот и редовен тек на настаните.
Со пропозициите за натпревари се утврдуваат обврските на учесниците вонатпревар во однос на благовремено пристигнување на натпревар.
Доколку натпреварот е прекинат поради дефект или неисправност натехничките уреди во салата, кои истовремено не можат да бидатисправени-поправени или се последица на виша сила, натпреварот мора дасе одигра во наредните 24 часа.
Прекинатиот натпревар поради една од горенаведените причини, ќе биде продолжен - доигран од моментот на прекинот, со постигнатиот резултат и преостанатото време за игра.

4. УЧЕСТВО НА ЕКИПИТЕ ВО НАТПРЕВАРИ

Член 18

За натпреварите кои ги организира и спроведува ФУСМ, секоја екипа го пријавува своето учество во натпреварување на пропишан образец.

Член 19

Федерација на училишен спорт на Македонија, организира натпревари за Основните и средните училишта во Република Македонија.
Натпреварувања се организира:
- Кошарка,
- Одбојка,

- Ракомет,
- Футсал, и
- Пинг понг.

Член 20

Екипа која е исклучена од натпреварување пред почеток или во тек на натпреварувачка сезона, во никој случај не може во наредната сезона да се врати да се натпреварува.

5. ОБВРСКИ ЗА ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАР

Член 20

Организатор на натпревар е екипа која игра на свој терен или поради одредени причини одреден е некој друг терен, кој мора да е регистриран за тој степен на натпреварување.
Организаторот е одговорен за спроведување на организацијата на натпреварот во согласност со одредбите од овој Правилник, Пропозициите за натпреварување и Законот за јавни собири.
Должностите на домаќин на натпревар се утврдеуваат со пропозициите за натпревари кои неможат да бидат спротивни од овој Правилник.

6. ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ

Член 21

Пласманот на екипите се утврдува врз основа на освоени бодови во текот на натпреварите, а бодувањето се утврдува врз основа на Службените Правила на дотичниот спорт.

7. СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА НАТПРЕВАР

Член 22

Службени лица на натпревар се Делегат, Судии и Помошни судии.
Комисијата за натпревари одредува делегати на натпревари, од листа на делегати усвоена од страна на Извршниот одбор на ФУСМ, на предлог на Комисијата за натпреварување.
Делегатот на натпреварот го претставува органот кој раководи со натпреварите Ѓ Комисија за натпревари.
Должност на делегатот на натпреварот е да ја контролира примената на одредбите предвидени за одигрување на натпревар, а во соработка со судиите треба да обезбеди играта да се одвива во регуларни услови.
На поедини натпревари Комисијата за натпревари во договор со Извршниот одбор на ФУСМ, може да одреди посебна контрола на судењето на натпревар за кој ќе процени дека има потреба.

Член 23

Делегирање на судиите за сите натпревари го врши Комисијата за натпревари преку судиските организации на дотичните Федерации за секој спорт.

Член 24

Екипа не може да бара изземање на судии.

Член 25

Помошни судии за натпревар ги одредува надлежна судиска комисија на Општинскиот сојуз на градот.

8. ПРАВО НА НАСТАП

Член 26

На официјални првенствени натпревари право на настап за одредена екипа имаат сите играчи кои поседуваат пропишана лиценца за настап издадена од Регистрациската комисија на ФУСМ. Предуслов за издавање на лиценцата е потврда за уредно извршен лекарски преглед.

Член 27

За секоја натпреварувачка сезона поединечно, Извршниот одбор на ФУСМ ја утврдува старосната граница за право на настап во лига.

9. ПРЕКРШОЦИ И КАЗНИ

Член 28

За прекршоци кои ќе ги направат играчите, тренерите, делегатите и другите службени лица на патпревар, како и за прекршоци за кои се одговорни екипите, казни изрекува Комисијата за натпревари.

Член 29

Доколку екипата самоволно го напушти теренот за игра пред истекот на времето за игра, натпреварот ќе биде регистриран со службен резултат за противничката екипа и против екипата ќе биде поведена дисциплинска постапка.
Во случај на потворно напуштање на натпреварот од иста екипа, екипата ќе биде исклучена од тековното натпреварување.

Член 30

Екипа која од неоправдани причини нема да настапи на натпревар, го губи натпреварот со службен резултат.

Член 31

Доколку една екипа загуби два натпревари со службен резултат во текот на една сезона, ќе биде исклучена од понатамошно натпреварување.

Член 32

Екипа која е казнета од било кои причини со забрана на настап, не смее да настапи, го губи натпреварот со службен резултат.

Член 33

Екипа која ќе настапи со играч кој е неправилно или воопшто не е регистриран, играч кој е под суспензија или издржува одредена казна, го губи натпреварот службено.

Член 33

Доколку исклучената екипа одиграла половина или повеќе од половина од предвидените натпревари, сите одиграни натпревари ќе бидат регистрирани со постигнатиот резултат, а сите натпревари до крајот на натпреварувањето ќе бидат регистрирани со службен резултат.
Доколку екипата до исклучувањето одиграла помалку од половина од предвидените натпревари, сите резултати кои ги постигнала екипата дотогаш се поништуваат и сите натпревари се регистрираат со службен резултат.

10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 34

Сите останати прашања кои не се регулирани со овој Правилник и службените правила за игра од спортовите, ќе бидат регулирани со Пропозициите за натпревари.

Член 35

Правилникот за натпревари го усвојува Извршниот одбор на ФУСМ на предлог на Комисијата за натпревари.

Член 36

Измени и дополнувања на овој Правилник за натпревари се вршат на начин и по постапка како при неговото донесување.

Член 37

Толкување на овој Правилник за натпревари дава Извршниот одбор на ФУСМ.

Член 38

Овој Правилник за натпревари стапува на снага со денот на неговото донесување од страна на Извршниот одбор на ФУСМ, а ќе се применува од натпреварувачката сезона 2012/2013 година.

ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН
СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

П р е т с е д а т е л,
/ Проф. д-р Александар Туфекчиевски/